# ЗАКОН ЗА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
# - консолидиран текст -

# ГЛАВА ПРВА

## Општи одредби

Член 1

Со овој закон се уредува класификацијата на информациите, условите, критериумите, мерките и активностите што се преземаат за нивна заштита, правата, обврските и одговорностите на создавачите и корисниците на класифицирани информации, меѓународната размена, како и други прашања во врска со користењето на класифицирани информации.

Член 2

Цел на овој закон е обезбедување на законито користење на класифицирани информации и оневозможување на секаков вид незаконски пристап до информациите.

Член 3

Овој закон се применува и за заштита на класифицирани информации примени од странски држави и меѓународни организации или создадени во меѓусебна соработка, доколку со ратификуваните меѓународни договори или со меѓународните договори на кои им пристапила Република Македонија поинаку не е уредено.

Член 4

За спроведување на утврдената политика за заштита на класифицираните информации и меѓународните стандарди, за реализирање на размената на класифицирани информации согласно со меѓународните договори за вршење инспекциски надзор на спроведувањето на одредбите на овој закон и другите прописи од областа на класифицираните информации, како и за вршење на други работи утврдени со овој закон, се основа Дирекција за безбедност на класифицирани информации (во натамошниот текст: Дирекција).

## Изрази употребени во законот

Член 5

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Информација“ е сознание кое може да биде пренесено во било која форма.
2. „Информација од интерес за Република Македонија“ е секоја информација или материјал изготвен од државните органи, орган на единицата на локалната самоуправа, јавно претпријатие, јавна установа и служба, правно и физичко лице, како и странски државни органи, странски правни и физички лица, кои се однесуваат на безбедноста и одбраната на државата, нејзиниот територијален интегритет и

суверенитет, уставниот поредок, јавниот интерес, слободите и правата на човекот и граѓанинот.

3. „Класифицирана информација“ е информација која се заштитува од неовластен пристап или употреба и која се определува со степен на класификација.
4. „Материјал“ е документ, технички средства, машини, опрема, односно одвоени компоненти или оружје или алати што се произведени или се во процес на производство.
5. „Документ“ е секој запис на информација без оглед на нејзината физичка форма или карактеристики, вклучувајќи, без ограничување, пишан или печатен текст, карти, шеми, фотографии, слики, цртежи, гравури, скици, работни материјали, индиго или лента или репродукции со помош на било какви средства или процес, како и звучни, гласовни, магнетски или електронски, оптички или видео снимки во било која форма, како и пренослива опрема за автоматска обработка на податоци со вградени или преносливи мемории за складирање на податоци во дигитална форма.
6. „Штета“ е нарушување на интересите на државата како последица од загрозување на класифицираните информации од интерес за Република Македонија или информациите кои Република Македонија е обврзана да ги заштитува согласно со меѓународни договори.
7. „Безбедносен ризик“ е можност за нарушување на безбедноста на класифицираната информација.
8. „Безбедност на класифицирана информација“ се активности и мерки со кои се обезбедува заштитата на класифицираните информации од неовластен пристап и употреба.
9. „Безбедносен сертификат“ е документ со кој се потврдува дека правното или физичкото лице има право на пристап и користење на класифицирани информации.
10. „Дозвола за пристап до класифицирани информации“ е документ со кој се потврдува дека странското правно или физичко лице има безбедносен сертификат и има право на пристап и користење на класифицирани информации во Република Македонија.
11. „Потребно е да знае“ е принцип според кој се утврдува корисникот кој има потреба за пристап до класифицирани информации заради извршување на функцијата или службените задачи.
12. „Корисник на класифицирана информација“ е правно или физичко лице кое има потреба за пристап до класифицирани информации заради извршување на функцијата, службените задачи или дејноста и кое има безбедносен сертификат.
13. „Рекласификација“ е промена на степенот на класификација на информацијата.
14. „Безбедносен појас“ е простор околу објектот којшто претставува минимална оддалеченост од објектот од која можат да бидат загрозени објектот и класифицираните информации во него.
15. „Безбедносна зона“ е простор или просторија во објектот во кои има или се чуваат класифицирани информации од степенот „ДОВЕРЛИВО“ или повисок степен и има потреба од соодветна физичка заштита.
16. „Административна зона“ е простор или просторија во објектот во кој има или се чуваат класифицирани информации од степенот „ИНТЕРНО“ и има потреба од соодветна физичка заштита.

# ГЛАВА ВТОРА

## Класификација на информации

Член 6

Со класификација на информацијата се определува степенот на заштита на информацијата која треба да биде соодветна со степенот на штетата што би настанала за Република Македонија со неовластен пристап или неовластена употреба на информацијата.

Информациите кои се предмет на класификација се однесуваат особено на: јавната безбедност; одбраната; надворешните работи; безбедносни, разузнавачки и контраразузнавачки активности на органите на државната управа на Република Македонија; системи, уреди, проекти и планови од важност за јавната безбедност, одбраната, надворешните работи; научни истражувања и технолошки, економски и финансиски работи од значење за Република Македонија.

Член 7

Класификацијата на информациите се врши според нивната содржина.

Овластеното лице од членот 9 на овој закон го определува степенот на класификацијата на информацијата.

Информацијата се определува со еден од степените на класификација:

- ДРЖАВНА ТАЈНА;
- СТРОГО ДОВЕРЛИВО; ДОВЕРЛИВО и ИНТЕРНО.

Член 8

Класифицираната информација со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА“ е информација чие неовластено откривање би предизвикало загрозување и нанесување непоправливи штети на трајните интереси на Република Македонија.

Класифицираната информација со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ е информација создадена од државните органи, органи на единиците на локалната самоуправа и други институции која е од значење за јавната безбедност, одбраната, надворешните работи и безбедносните и разузнавачките активности на органите на државната управа на Република Македонија, а чие неовластено откривање би предизвикало исклучително сериозна штета за виталните интереси на Република Македонија.

Класифицираната информација со степен „ДОВЕРЛИВО“ е информација создадена од државните органи, органи на единиците на локалната самоуправа и други институции која е од значење за јавната безбедност, одбраната, надворешните работи и безбедносните и разузнавачките активности на органите на државната управа на Република Македонија, а чие неовластено откривање би предизвикало сериозна штета за важните интереси на Република Македонија.

Класифицираната информација со степен „ИНТЕРНО“ е информација чие неовластено откривање би предизвикало штета за работењето на државните органи, единиците на локалната самоуправа и други институции кои се од значење за јавната безбедност, одбраната,

надворешните работи и безбедносните и разузнавачките активности на органите на државната управа на Република Македонија.

Член 9

Класифицирана информација со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА“ определуваат: претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, министрите во рамките на своите ресори, јавниот обвинител на Република Македонија, началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, директорот на Агенцијата за разузнавање, директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, како и од нив со писмена согласност овластени лица.

Ако е определено со закон, меѓународен договор или друг пропис, класифицирана информација со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА“ определуваат и лицата предвидени во тие акти.

Член 10

Информациите кои не се наменети за јавна употреба, а со чие откривање би се намалила ефикасноста на работењето на државните органи, добиваат ознака „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“.

Член 11

Ако во една информација се опфатени податоци за повеќе степени на класификација, создавачот е должен да го определи степенот на класификација на секој од нив посебно.

Целината на информацијата се класифицира според највисокиот степен на класификација, а на насловната страна на материјалот се означуваат другите делови со степени на класификација коишто припаѓаат кон информацијата.

Ако дел од документот содржи повисок степен на класифицирана информација, тој се издвојува како посебен документ со соодветен степен на класификација.

Фуснотите нема да бидат класифицирани освен ако содржат или откриваат класифицирани информации.

Заради избегнување на безбедносен ризик употребата на фусноти треба да се сведе на минимум.

Член 12

Создавачот на класифицираната информација го означува на видно место степенот на нејзината класификација.

Член 13

Ако информацијата не била одредена со степен на класификација, а создавачот не може да се утврди или престанал да постои, класифицирањето на информацијата го врши правниот следбеник на создавачот.

Ако не може да се утврди ниту правниот следбеник, означувањето на степенот на класифицираната информација го врши Дирекцијата.

Член 14

Промената на степенот на класификацијата го врши создавачот, а со негова писмена согласност и друго овластено лице.

За промената на степенот на класификација на информацијата задолжително се известуваат корисниците на информацијата.

Член 15

Означувањето на степенот на класифицираните информации со уредба го уредува Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата).

Член 16

Класификацијата на информацијата престанува:

- на датумот означен на документот;
- со случување на определен настан наведен во документот; со истекување на временскиот период означен на документот и со декласификација.

Член 17

Со декласификацијата се врши промена од класифицирана информација во информација до која се има слободен пристап.

Декласификацијата од ставот 1 на овој член ја врши создавачот на информацијата за што ги известува корисниците на информацијата.

Член 18

Создавачот на класифицираната информација означува временски период или настан до кој информацијата не може да биде рекласифицирана или декласифицирана.

Временскиот период или настанот до кои информацијата не може да биде рекласифицирана или декласифицирана не можат да надминат период од десет години, освен ако на информацијата не и е потребна подолготрајна заштита определена со овој или друг закон.

Член 19

Класифицирана информација со степенот „ДРЖАВНА ТАЈНА“ создавачот ја разгледува и оценува во период не подолг од десет години за да се оцени потребата од натамошно задржување на класификацијата.

Класифицирана информација со степенот „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ се разгледува и оценува во период не подолг од пет години за да се оцени потребата од натамошно задржување на класификацијата.

Класифицирана информација со степенот „ДОВЕРЛИВО“ се разгледува и оценува во период не подолг од три години за да се оцени потребата од натамошно задржување на класификацијата.

Класифицирана информација со степенот „ИНТЕРНО“ се разгледува и оценува во период не подолг од две години за да се оцени потребата од натамошно задржување на класификацијата.

Член 20

Информацијата која е одредена со степен на класификација нема да се смета за класифицирана информација ако со неа се прикрива кривично дело, пречекорување или злоупотреба на функцијата или некој друг незаконски акт или постапка.

Класифицирани информации на странски држави и меѓународни организации

Член 21

Класифицираните информации од странски држави или меѓународни организации со кои Република Македонија има склучено меѓународни договори или на кои Република Македонија им пристапила, ја задржуваат ознаката на степенот на класификацијата што се користи во таа држава или меѓународна организација.

Член 22

Распространување на класифицираните информации се врши согласно со принципот „потребно е да знае“.

При распространување на класифицирани информации овластеното лице презема активности за прием, обработка, утврдување на корисниците и проследување на класифицираните информации до нив.

Овластеното лице врши распоредување на класифицираните информации до утврдените корисници.

Активностите при распространувањето на класифицираните информации кои се однесуваат на обработката, утврдувањето на корисниците и доставувањето на информациите со уредба ги пропишува Владата.

# ГЛАВА ТРЕТА

## Критериуми, мерки и активности за заштита на класифицирани информации

Член 23

Критериуми кои особено се земаат во предвид при утврдувањето на мерките за заштита на класифицираните информации се:

- степенот на класификација;
- обемот и формата на класифицираната информација и
- процената за закана на безбедноста на класифицираната информација.

Член 24

За заштита на класифицираните информации се преземаат мерки и активности за административна, физичка, информатичка и индустриска безбедност, како и за безбедност на лицата.

Член 25

Мерки и активности за административна безбедност се:

- утврдување на степенот и обележување на класифицираната информација;
- прием и евиденција на класифицираната информација;
- чување и ракување со класифицираната информација;
- репродукција, преводи и изводоци на класифицираната информација одредување на бројот на примероците и корисниците;
- контрола и ракување со класифицираната информација во процесот на распоредување и распространување;
- спречување на неовластено изнесување, односно објавување на класифицираната информација и нарушување на безбедноста на класифицираната информација;
- спречување на откривање на тајноста на класифицираната информација и
- отстранување и уништување на класифицираната информација.

Член 26

Мерки и активности за физичка безбедност се:

- процена за можно нарушување на безбедноста на класифицираната информација со насилен упад или неовластен пристап, употреба и уништување на класифицираната информација;
- определување на безбедносен појас околу објектот;
- организирање на физичко обезбедување и примена на технички и други средства за обезбедување на објекти и простории во кои се наоѓаат класифицирани информации;
- издавање на дозвола за пристап во објекти и простории;
- контрола на влез, движење и излез на лица и возила за пренос на класифицирани информации
- пренос на класифицирани информации надвор од безбедносните зони.

Член 27

Мерки и активности за безбедност на лица се:

- определување на овластени лица за работа и постапување со класифицирани информации;
- одговорно постапување со класифицирани информации;
- безбедносна проверка;
- издавање на безбедносен сертификат;
- издавање на дозвола за пристап до класифицирани информации и
- проверка и оценување на способноста за постапување со класифицирани информации.

Член 28

Мерки и активности за информатичка безбедност се:

- сертификација на комуникациско-информациски системи и процеси;

- процена за можно нарушување на безбедноста на класифицираната информација со упад во информатичкиот систем и употреба и уништување на класифицирана информација обработувана и чувана во комуникациско-информациски системи;
- утврдување на методи и безбедносни процедури за прием, обработка, пренос, чување и архивирање на класифицирани информации во електронска форма;
- заштита на информациите при процесирање и чување на класифицирани информации во комуникациско-информациски системи;
- продукција на крипто клучеви и друг крипто материјал;
- криптографска заштита на комуникациски, информациски и други електронски системи преку кои се подготвуваат, пренесуваат, обработуваат и архивираат класифицирани информации;
- определување на зони и простории заштитени од компромитирачко електро-магнетско зрачење и
- инсталирање на уреди за чување на класифицирани информации.

Член 29

Мерки и активности за индустриска безбедност се:

- заштита од губење или откривање на тајноста на класифицирани информации содржани во индустриски договори;
- издавање на сертификати на правни и физички лица кои произведуваат, употребуваат или имаат контакт со класифицирани информации од областа на индустријата;
- заштита од губење или откривање на тајноста на класифицирани информации во конзорциуми и мешовити трговски друштва со странски правни и физички лица;
- обезбедување заштита при транспорт на класифицирани материјали
- воспоставување процедури за посета на физички и правни лица од други земји на објекти и индустриски друштва каде што се произведуваат, обработуваат и чуваат класифицирани материјали.

Член 30

Владата со уредби ги уредува мерките и активностите од членовите 25 до 29 на овој закон.

Размена на класифицирани информации со странски држави и меѓународни организации

Член 31

Класифицирана информација на странска држава или меѓународна организација е информација или материјал којшто надлежниот орган на странската држава или меѓународната организација го отстапил на Република Македонија со обврска да се обезбеди неговата заштита.

Со класифицираните информации примени од странска држава или меѓународна организација се постапува на начин којшто е предвиден со меѓународен договор.

Ако меѓународниот договор од ставот 2 на овој член не содржи одредби за начинот на постапување со класифицираните информации, се постапува согласно со одредбите на овој закон.

Член 32

Во исклучително неповолни политички, економски и одбранбено безбедносни услови во Република Македонија, по барање на надлежните органи согласно со Уставот и законите, Дирекцијата може да врши размена на класифицирани информации со странски држави и меѓународни организации со кои не се склучени меѓународни договори, ако е тоа во интерес на Република Македонија.

Член 33

Во согласност со преземените обврски од ратификуваните меѓународни договори, Дирекцијата овозможува вршење контрола на овластени претставници на странски држави и меѓународни организации, за начинот на користење и заштита на класифицираните информации што од нив се отстапени на користење во Република Македонија.

Контрола за начинот на користење и заштита на доставените класифицирани информации од Република Македонија до странските држави и меѓународните организации врши Дирекцијата согласно со овој закон и меѓународните договори.

Владата со одлука ги определува класифицираните информации на Република Македонија кои можат да бидат предмет на меѓународна размена.

Користење на класифицирани информации

Член 34

Корисник на класифицирана информација е државен орган или друго правно или физичко лице во Република Македонија кое има безбедносен сертификат или странски државен орган или друго странско правно или физичко лице кое има безбедносен сертификат на матичната држава и дозвола за пристап до класифицирани информации издадена од Дирекцијата.

Член 35

Безбедносен сертификат се издава за соодветен степен на класифицирана информација.

За издавање на безбедносен сертификат за соодветен степен на класифицирани информации заинтересираното правно или физичко лице поднесува писмено барање до Дирекцијата.

Безбедносен сертификат од ставот 1 на овој член се издава врз основа на претходно спроведена безбедносна проверка.

Член 36

Безбедносен сертификат за пристап и користење на класифицирани информации од сите степени, без претходна безбедносна проверка, заради вршење на функцијата од денот на изборот до крајот на мандатот, добиваат: претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија и претседателот на Врховниот суд на Република Македонија.

## Член 37

За извршување на работните задачи, на лицата во државните органи, органите на единицата на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, како и други правни и физички лица им се издава безбедносен сертификат за соодветен степен на класифицирана информација согласно со принципот „потребно е да знае“.

Барањето за издавање на безбедносен сертификат, лицата од ставот 1 на овој член го поднесуваат преку одговорните лица во државните органи, органите на единицата на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, како и во други правни и физички лица.

## Член 38

Безбедносен сертификат се издава на физичко лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија;
- да постои оправдана потреба за користење на класифицирани информации согласно со принципот „потребно е да знае“;
- да не постојат околности што го ограничуваат пристапот до класифицираните информации;
- физичкото лице да има деловна способност;
- лицето да наполнило 18 години, а за користење на класифицирани информации означени со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА“ да наполнило 21 година;
- да не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- да е здравствено способно;
- да има потпишано писмена изјава дека совесно и одговорно ќе ги користи класифицираните информации;
- активностите на лицето да не укажуваат на постоење на безбедносен ризик за користење на класифицираните информации и
- да биде запознаен со прописите кои се однесуваат на работата со класифицирани информации што се утврдува во разговор со кандидатот од страна на овластено лице пред издавањето на безбедносниот сертификат.

## Член 39

Безбедносен сертификат се издава на правно лице кое ги исполнува следниве услови:

- да има обезбедено услови за физичка, административна информатичка безбедност на информациите, како и безбедносни сертификати за лица;
- да е финансиски и економски стабилно и
- да не постои безбедносен ризик за користење на класифицираните информации.

## Член 40

Правното лице нема да се смета за способно да обезбеди заштита на класифицирани информации ако не обезбедило услови за спроведување на мерките и активностите за заштита на класифицирани информации определени со овој закон.

Финансиската и економската стабилност на правното лице се утврдува со следниве документи коишто не треба да бидат постари од шест месеци:

- извод од регистрацијата на дејноста;
- пропишан документ за бонитет од Централниот регистар на Република Македонија;
- доказ од надлежниот суд дека не е отворена постапка за стечај или ликвидација;
- доказ од надлежниот орган дека со пресуда не му е изречена мерка на безбедност – забрана на вршење на дејност и
- потврда од Управата за јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки.

Се смета дека постои безбедносен ризик ако:

- одделни активности на правното лице и на негови овластени лица се спротивни на интересите на Република Македонија и
- има врски со странски правни и физички лица кои можат да и наштетат на надворешната политика или безбедноста на Република Македонија.

Постапки за издавање на безбедносни сертификати.

Член 41

Исполнување на условите за издавање на безбедносен сертификат се утврдува преку безбедносна проверка.

Безбедносната проверка од ставот 1 на овој член се врши врз основа на претходна писмена согласност од лицето на кое треба да му се издаде безбедносниот сертификат, која е составен дел на барањето од членот 35 став 1 на овој закон.

Ако лицето во текот на постапката писмено ја повлече својата согласност за проверка, повторна постапка за безбедносна проверка не може да се спроведе пред истекот на една година од денот на повлекувањето на согласноста.

Член 42

Безбедносна проверка се презема пред издавање на безбедносен сертификат на правни и физички лица за пристап и користење на класифицирани информации, со цел да се утврди постоење или непостоење на околности што го ограничуваат пристапот и користењето на класифицираните информации.

Безбедносната проверка започнува со пополнувањето на безбедносниот прашалник за соодветниот степен на безбедносна проверка.

Пополнетите податоци од безбедносниот прашалник претставуваат дел од содржината на безбедносната проверка.

Формата и содржината на обрасците на безбедносниот прашалник од ставот 1 на овој член со правилник ги пропишува директорот на Дирекцијата.

Член 43

Пополнетиот прашалник за безбедносна проверка се класифицира со степенот „ИНТЕРНО“.

Податоците од пополнетиот безбедносен прашалник од ставот 1 на овој член се користат за целите на проверката.

### Член 44

За користење на класифицирани информации означени со степенот „ИНТЕРНО“ не се врши безбедносна проверка.

Физичкото лице се информира за обврската за заштита на класифицираните информации што му се дадени на увид, односно користење.

### Член 45

Во зависност од степенот на класифицираната информација за која е поднесено барање за издавање безбедносен сертификат, се врши безбедносна проверка соодветна на степенот на класифицираната информација и тоа:

а) од прв степен за информација класифицирана „ДОВЕРЛИВО“;

б) од втор степен за информација класифицирана „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ и

в) од трет степен за информација класифицирана „ДРЖАВНА ТАЈНА“.

### Член 46

Со безбедносна проверка од прв степен се утврдува:

- идентитетот на лицето (врз основа на приложена писмена документација и кратка биографија);
- возраста од минимум 18 години;
- државјанството на Република Македонија;
- деловната способност на лицето (врз основа на уверение од надлежен орган) и
- безбедносниот ризик на лицето (утврден од надлежен орган).

### Член 47

Со безбедносна проверка од втор степен се утврдува:

- идентитетот на лицето (врз основа на приложена писмена документација, кратка биографија и со оперативна проверка на податоците за лицето);
- возраста од минимум 18 години;
- државјанството на Република Македонија;
- деловната способност на лицето (врз основа на уверение од надлежен орган);
- безбедносниот ризик на лицето (утврден од надлежен орган) и
- здравствената состојба (врз основа на мислење на овластена лекарска комисија).

### Член 48

Со безбедносна проверка од трет степен се утврдува:

- идентитетот на лицето (врз основа на приложена писмена документација, кратка биографија и со оперативна проверка на податоците за лицето);
- возраста од минимум 21 година;
- државјанството на Република Македонија;
- деловната способност на лицето (врз основа на уверение од надлежен орган);
- безбедносниот ризик на лицето (утврден од надлежен орган) и
- здравствената состојба (врз основа на мислење на овластена лекарска комисија).

### Член 49

Безбедносен сертификат за користење на класифицирани информации издава директорот на Дирекцијата по претходно спроведената постапка според одредбите на овој закон.

### Член 50

На барање на Дирекцијата оперативните безбедносни проверки од членовите 46, 47 и 48 на овој закон ги вршат:

- надлежните служби на Министерството за внатрешни работи за сите лица, освен за лицата утврдени во алинејата 2 на овој член и
- надлежните служби на Министерството за одбрана за воените и цивилните лица на служба во Армијата на Република Македонија.

### Член 51

Постапката за спроведување на безбедносна проверка трае најмногу до:

- еден месец за безбедносната проверка од прв степен;
- три месеци за безбедносната проверка од втор степен и
- шест месеци за безбедносната проверка од трет степен.

Во пословени случаи или поради вонредни околности роковите од ставот 1 на овој член може да бидат двојно продолжени.

Времетраење на безбедносните сертификати.

### Член 52

Безбедносниот сертификат издаден за информација класифицирана со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА“ важи пет години.

Безбедносниот сертификат издаден за информација класифицирана со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ важи пет години.

Безбедносниот сертификат издаден за информација класифицирана со степен „ДОВЕРЛИВО“ важи десет години.

Содржината и формата на образецот на безбедносните сертификати од ставовите 1, 2 и 3 на овој член со правилник ги пропишува директорот на Дирекцијата.

### Член 53

Врз основа на писмено известување од Дирекцијата, корисникот на класифицирани информации е должен да поднесе ново барање за продолжување на важноста на безбедносниот сертификат најдоцна шест месеци пред денот на истекот на неговата важност.

За лицето кое поднесува барање за продолжување на важноста на безбедносниот сертификат, се врши повторна безбедносна проверка од надлежните служби од членот 50 на овој закон соодветна на степенот на класифицираните информации што му се отстапуваат на користење.

## Член 54

Ако се утврди дека лицето не постапува со класифицираните информации согласно со овој закон или повеќе не е исполнет некој од условите врз основа на кои е издаден безбедносниот сертификат, директорот на Дирекцијата донесува решение за престанок на важењето на безбедносниот сертификат и пред истекот на неговата важност.

Во решението од ставот 1 на овој член не се дава образложение за причините за престанокот на важноста на безбедносниот сертификат.

## Член 55

Директорот на Дирекцијата може да донесе решение за одбивање на барањето за издавање на безбедносен сертификат ако не се исполнети условите од членовите 46, 47 и 48 на овој закон.

Во решението од ставот 1 на овој член не се дава образложение за причините за одбивање на барањето за издавање на безбедносен сертификат.

Против решението од ставот 1 на овој член лицето чие барање е одбиено може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

## Член 56

Жалбата од членот 55 став 3 на овој закон се поднесува во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, преку органот што го донел решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Решението од ставот 1 на овој член донесено од Комисијата е конечно.

## Член 57

Важноста на безбедносниот сертификат престанува по сила на закон со:

- истекот на рокот на неговата важност;
- престанокот на функцијата на лицата од членот 36 на овој закон;
- престанокот на потребата за пристап до класифицирани информации согласно со принципот „потребно е да знае“ и
- настапување на смрт на физичкото лице или престанок на постоење на правното лице.

## Член 58

Дозволата за пристап до класифицирани информации престанува да важи:

- со истекот на рокот на важноста наведен во дозволата;
- со извршување на задачата за која била издадена;
- ако не е поднесено ново барање за продолжување на важноста на дозволата пред истекот на рокот на нејзината важност и
- ако потребата од издавањето на дозволата престанала да постои или е изменета.

Член 59

Обврската за заштита на тајноста на класифицирани информации продолжува и по истекот на важноста на безбедносниот сертификат, согласно со условите од членот 16 на овој закон.

Во случај на укажана потреба во судска постапка или во постапка пред надлежен орган, лицето е должно да обезбеди претходна согласност од создавачот на информацијата за ослободување од обврската за чување на тајноста на класифицираната информација.

Член 60

Дирекцијата води евиденција за издадените безбедносни сертификати и за пополнетите безбедносни прашалници.

Дирекцијата води посебна евиденција за издадените дозволи за пристап до класифицирани информации во Република Македонија.

Содржината, формата и начинот на водење на евиденциите од ставовите 1 и 2 на овој член, со правилник ги пропишува директорот на Дирекцијата.

# ГЛАВА ЧЕТВРТА

## Органи за заштита на класифицирани информации

Член 61

Државните органи, организациите, институциите и другите правни лица се должни да создадат услови неопходни за заштита на класифицирани информации и да преземат мерки за елиминирање на негативните последици ако дојде до откривање на класифицираните информации.

Дирекцијата и корисниците на класифицираните информации подготвуваат планови за заштита на класифицирани информации за вонредни состојби.

За ефикасно и координирано извршување на правата и обврските кои се однесуваат на класифицираните информации, во сите корисници на класифицирани информации од ставот 1 на овој член се определува овластено лице.

Лицето од ставот 3 на овој член треба да поседува соодветен безбедносен сертификат.

Дирекција за безбедност на класифицирани информации

Член 62

Дирекцијата е самостоен орган на државна управа со својство на правно лице.

Дирекцијата:

- обезбедува континуирано спроведување на меѓународните стандарди и нормативи во преземањето на мерките и активностите за заштита на класифицираните информации;
- врши координација на активностите во обезбедувањето заштита на класифицираните информации со државните органи и институциите кои вршат

размена на класифицирани информации со странски држави и меѓународни организации;

- ги подготвува, организира, спроведува и го следи спроведувањето на мерките и активностите за обезбедување заштита на класифицирани информации кои на Република Македонија и се отстапени на користење од странски држави и меѓународни организации;
- презема активности за заштита на класифицирани информации отстапени од Република Македонија на странски држави и меѓународни организации;
- учествува во изготвување на планови и програми на Република Македонија за членство во меѓународни организации од областа за обезбедување заштита на класифицираните информации;
- планира и остварува меѓународна соработка за заштита и размена на класифицираните информации;
- предлага мерки за унапредување на заштитата на класифицирани информации;
- покренува иницијативи за склучување меѓународни договори со странски држави и меѓународни организации од областа на размената на класифицирани информации;
- покренува иницијативи за донесување на безбедносни планови за заштита на класифицираните информации во вонредни состојби;
- ги обучува корисниците на класифицираните информации, како и заинтересираните органи, организации и поединци во Република Македонија;
- врши инспекциски надзор на спроведувањето на одредбите на овој закон и другите прописи од областа на класифицираните информации и
- врши други работи утврдени со овој и друг закон.

За своето работење Дирекцијата донесува годишен план и извештај кои ги усвојува Владата.

Регистри и контролни точки

## Член 63

За вршење на работи од надлежност на Дирекцијата со странски класифицирани информации се воспоставуваат централен регистар, регистри и контролни точки.

Централниот регистар на странски класифицирани информации се води во Дирекцијата, а регистри и контролни точки се водат во министерствата и други органи на државната управа и други државни органи во коишто континуирано се внесуваат и евидентираат странски класифицирани информации.

Од регистрите и контролните точки од ставот 1 на овој член се доставуваат информации потребни за извршување на работите на Дирекцијата и се врши размена на класифицирани информации со странство.

Бројот на регистрите и контролните точки, на предлог на Дирекцијата, со одлука го определува Владата.

Размената на класифицирани информации од Република Македонија со странски држави и меѓународни организации се врши преку Дирекцијата, ако со друг закон или меѓународен договор поинаку не е уредено.

Член 64

Дирекцијата ги известува надлежните органи на странските држави и меѓународни организации за безбедноста на разменетите класифицирани информации и од нив прима известувања за безбедноста на класифицираните информации кои им се отстапени од Република Македонија.

Член 65

На барање на Дирекцијата државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, организациите, институциите и други правни и физички лица и даваат информации кои се потребни за извршување на работите од нејзина надлежност.

Член 66

Директорот на Дирекцијата го именува и разрешува Владата.

Директорот се именува со мандат од четири години.

За именување на директор се објавува јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

За директор на Дирекцијата може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1. да е државјанин на Република Македонија;
2. со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3. да има стекнати 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование,
4. да има најмалку пет години работно искуство;
5. да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
   - ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
   - ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
   - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
   - ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
   - БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода и
   - АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и
6. поседува потврда за положен психолошки тест и тест за интегритет.

Член 67

Вработените во Дирекцијата се државни службеници, освен вработените кои вршат помошни и технички работи.

За вработените во Дирекцијата кои вршат помошни и технички работи, во однос на правата и одговорностите од работен однос, се применуваат одредбите од Законот за работни односи и прописите од областа на здравственото, пензиското и инвалидското осигурување и Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија.

Вработените во Дирекцијата имаат легитимација која ја издава директорот на Дирекцијата.

Образецот на легитимацијата и постапката за нејзино издавање со правилник ги пропишува директорот на Дирекцијата.

# ГЛАВА ПЕТТА

## Планови и програми за работење на Дирекцијата и финансирање на Дирекцијата

Член 68

Работата на Дирекцијата се води и реализира според принципите, нормите и процедурите кои важат во системот на планирањето, програмирањето и буџетското работење.

Видот на плановите и програмите и потребните финансиски и материјални средства за нивна реализација, како и начинот на нивната изработка, содржина и структура со уредба ги уредува Владата.

Член 69

Финансиските средства за потребите на Дирекцијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Финансиските средства за потребите на Дирекцијата можат да се обезбедат и од други извори, во согласност со закон.

Финансиските средства за државните органи за потребите на заштитата, користењето и меѓународната размена на класифицираните информации се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија во рамките на финансиските средства на тие органи.

Трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби од посебно значење за заштитата, користењето и меѓународната размена на класифицираните информации обезбедуваат финансиски средства од сопствени извори и од финансиски и материјални средства на Република Македонија.

# ГЛАВА ШЕСТА

## Надзор

Член 70

Инспекциски надзор за спроведувањето на овој закон и другите прописи од областа на класифицираните информации врши Дирекцијата.

Член 71

За вршење инспекциски надзор, во државните органи, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите од значење за заштитата, користењето и меѓународната размена на класифицираните информации и други правни и физички лица, директорот на

Дирекцијата овластува лица вработени во Дирекцијата, како инспектори за безбедност на класифицирани информации (во натамошниот текст: инспектори).

Инспекторите, кои го вршат инспекцискиот надзор, покрај општите услови за вработување, потребно е да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

- да имаат високо образование и
- работно искуство од најмалку пет години во обласга на безбедноста на класифицираните информации.

Член 72

Во вршењето на инспекцискиот надзор од членот 71 на овој закон, инспекторите се овластени:

- да вршат надзор во спроведувањето на овој закон и другите прописи од областа на безбедноста на класифицираните информации и
- да предлагаат и преземаат мерки за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци во определен рок.

Во вршењето на надзорот инспекторите се должни да даваат помош во спроведувањето на законите и другите прописи од областа на класифицираните информации.

Член 72-а

Службеното својство на инспекторот, се докажува со легитимација.

При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторите се должни да се легитимираат.

Легитимацијата од ставот 1 на овој член ја издава и одзема директорот на Дирекцијата.

Образецот, формата и содржината на легитимацијата, како и начинот и постапката за нејзино издавање и одземање, со правилник ги пропишува директорот на Дирекцијата.

Член 72-б

Заради вршење на инспекциски надзор, државните органи, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите од посебно значење за заштитата, користењето и меѓународната размена на класифицираните информации, како и други правни и физички лица се должни да овозможат непречено вршење на надзорот од областа на безбедноста на класифицираните информации.

При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторите имаат право на пристап и увид секаде каде што сметаат дека е неопходно, во секое време и без најава, на простории и деловни простории, средства, уреди и инсталации во сопственост на Република Македонија и во приватна сопственост и имаат право да ја разгледаат пропишаната документација, на правното односно физичкото лице, да вршат увид во објекти, средства, уреди и инсталации, системи, проекти и планови од важност за јавната безбедност, одбраната, надворешните работи, безбедносни, разузнавачки и контраразузнавачки материјали и документи, научно-истражувачки и технолошки, економски и финансиски работи од значење за Република Македонија.

За вршење на работите од ставот 2 на овој член во станбени простории, инспекторите се должни да обезбедат судски налог.

При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторите можат да побараат присуство на овластено лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на полициските работи, заради нивна заштита.

Член 72-в

Ако при вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот утврди недостатоци од аспект на безбедност на класифицираните информации, ќе донесе решение со кое ќе нареди отстранување на утврдените недостатоци во определен рок.

Против решението од ставот 1 на овој член, може да се поднесе жалба до директорот на Дирекцијата, во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

Директорот на Дирекцијата е должен во рок од осум дена од денот на приемот на жалбата од ставот 2 на овој член, да донесе решение по поднесената жалбата.

Решението на директорот на Дирекцијата по жалбата е конечно.

Против конечното решение, странката може да поднесе тужба за поведување спор пред Управниот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението од ставот 4 на овој член.

Член 73

За извршениот инспекциски надзор, инспекторите се должни да состават записник кој ќе го предадат на одговорното лице каде што е извршен инспекцискиот надзор и на директорот на Дирекцијата.

Во записникот од ставот 1 на овој член се внесува констатираната состојба и предложените мерки и рокови за отстранување на недостатоците и неправилностите. Одговорното лице од ставот 1 на овој член е должно да постапи според записникот и да го извести инспекторот за преземените мерки.

Ако при вршење на надзор инспекторот утврди повреда на закон и други прописи кои претставуваат прекршок, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка. Барањето за поведување на прекршочна постапка се доставува до Комисијата за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Комисијата) формирана од директорот на Дирекцијата.

Член 73-а

Комисијата од членот 73 став 3 на овој закон е составена од три члена од кои два члена со високо образование и најмалку пет години работно искуство од областа на безбедност на класифицираните информации и еден член дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку пет години.

Директорот со правилник го пропишува начинот на работата на Комисијата.

Член 73-б

Ако инспекторот утврди дека во употреба се наоѓаат уреди, технички средства, инсталации и системи кои не одговараат на пропишаните безбедносни стандарди и критериуми за заштита на класифицирани информации, со решение ќе нареди забрана на нивна употреба и нивно отстранување.

Член 73-в

Ако инспекторот при вршењето на надзорот утврди дека постои непосредна опасност од нарушување на безбедноста на објектите или просториите, документите, опремата, системите и лицата во безбедносниот појас, безбедносната зона или административната зона, со решение ќе нареди забрана за користење на просторот, објектот или дел од објектот.

Член 73-г

Заради извршувањето на решението од членовите 73-б и 73-в на овој закон, инспекторот ќе изврши запечатување на предметниот објект или простории.

Запечатувањето од ставот 1 на овој член се означува со жиг на Дирекцијата.

Содржината и формата на жигот, како и начинот на запечатување, со правилник ги пропишува директорот на Дирекцијата.

Член 73-д

По отстранување на утврдените недостатоци, поради кои е изречена мерката забрана, а по писмено барање на субјектот на кој му е изречена мерката, инспекторот ќе изврши отпечатување.

Член 73-ѓ

Во вршењето на надзорот во примената на одредбите на овој закон и другите прописи од областа на безбедноста на класифицираните информации, инспекторите можат да наредат преземање на следниве мерки:

1. демонтирање, преместување или отстранување на опрема, уреди, инсталации и системи со кои се загрозува безбедноста на класифицираните информации;
2. определување на безбедносен појас, безбедносни зони и административни зони околу објектот, просторот или просторијата во објектот во кој се ракува или се чуваат класифицирани информации;
3. поставување на безбедносна информатичко-комуникациска опрема, системи и инсталации за безбедност на класифицираните информации;
4. преместување или отстранување на лица без соодветен безбедносен сертификат или без соодветна дозвола за пристап во безбедносен појас околу објектот и од безбедносни и административни зони во објектот во кој се ракува или се чуваат класифицирани информации;
5. преместување или отстранување на возила без соодветна дозвола за пристап во безбедносен појас околу објектот и во административни зони во објектот во кој се ракува или се чуваат класифицирани информации;
6. изработка на интерни акти за процена на безбедносниот ризик за класифицирани информации и за нивна заштита во случај на вонредни околности;
7. ажурирање и корекција на евиденциите на класифицирани
8. информации и нивно отстранување и уништување;
9. обезбедување на пропишани услови за распоредување, распространување и пренос на класифицирани информации и
10. забрана за прием, ракување, отстапување и чување на класифицирани информации.

Член 73-е

Ако при вршењето на надзорот инспекторот смета дека повредата на прописите претставува кривично дело, должен е веднаш да го извести директорот на Дирекцијата заради покренување постапка пред надлежниот орган.

# ГЛАВА СЕДМА

## Прекршочни одредби

Член 74

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице корисник на класифицирана информација, ако:

- не ги преземе потребните активности за прием, обработка, утврдување на корисниците и не изврши распоредување и проследување на класифицираните информации до нив, согласно со одредбите на членот 22 ставови 2 и 3 на овој закон,
- не ги спроведе мерките за административна, физичка, информатичка и индустриска безбедност на класифицираните информации, како и за безбедност на лицата корисници на класифицираните информации, согласно со одредбите на членовите 25 до 29 на овој закон,
- не постапува со класифицираните информации, согласно со одредбите од членот 54 став 1 на овој закон,
- не извести за престанок на исполнетост на некој од условите врз основа на кои е издаден безбедносен сертификат, согласно со одредбите од членот 54 став 1 на овој закон и
- го попречува вршењето на инспекцискиот надзор согласно со членот72-б на овој закон.

Член 74-а

Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното лице од членот 61 став 3 на овој закон, ако:

- не ги преземе мерките за административна, физичка, информатичка и индустриска безбедност на класифицираните информации, како и за безбедност на лицата корисници на класифицирани информации, согласно со одредбите на членовите 25 до 29 од овој закон,
- овозможи добивање безбедносен сертификат на лицето кое во барањето до Дирекцијата за издавање на безбедносен сертификат навело неточни податоци во безбедносниот прашалник или доставило несоодветни документи пропишани во членовите 38 и 39 на овој закон,
- не постапува со класифицираните информации, согласно со одредбите на членот 54 став 1 на овој закон,
- не извести за престанок на исполнетост на некој од условите врз основа на кои е издаден безбедносен сертификат, согласно со одредбите на членот 54 став 1 на овој закон и

- го попречува вршењето на инспекцискиот надзор согласно со одредбите на членот 72-б на овој закон.

Член 74-б

Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице, ако:

- не преземе мерки за административна, физичка, информатичка и индустриска безбедност, како и за безбедност на лицата, согласно со одредбите на членовите 25 до 29 на овој закон,
- го попречува вршењето на инспекцискиот надзор согласно со
- одредбите на членот 72-б на овој закон и
- не постапи по предложените мерки и рокови за отстранување на недостатоците и неправилностите, констатирани од страна на инспекторот за безбедност на класифицирани информации, согласно со членот 73 став 2 на овој закон.

Член 75

Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

- го попречува вршењето на инспекцискиот надзор согласно со одредбите на членот 72-б на овој закон и
- не постапи по предложените мерки и рокови за отстранување на недостатоците и неправилностите, констатирани и доставени од страна на инспектор за безбедност на класифицирани информации, согласно со членот 73 став 2 на овој закон.

Член 75-а

Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице.

Корисник на класифицирани информации, ако не ги преземе потребните активности за прием, обработка, утврдување на корисниците и не изврши распоредување и проследување на класифицираните информации до нив, согласно со одредбите на членот 22 ставови 2 и 3 на овој закон.

Член 75-б

Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице – корисник на класифицирани информации, ако:

- не преземе мерки за административна, физичка, информатичка и индустриска безбедност на класифицираните информации, како и за безбедност на лицата корисници на класифицираните информации, согласно со одредбите на членовите 25 до 29 на овој закон,
- при поднесување на барање за издавање на безбедносен сертификат приложи докази кои не соодветствуваат со реалните финансиски и економски услови на правното лице согласно со членот 40 став 2 на овој закон,

- не извести за престанок на исполнетост на некој од условите врз основа на кои е издаден безбедносен сертификат, согласно со одредбите на членот 54 став 1 од овој закон,
- не обезбеди услови за заштита на класифицираните информации согласно со членот 61 став 1 на овој закон и
- го попречува извршувањето на инспекцискиот надзор согласно со одредбите на членот 72-б од овој закон.

Член 76

Сторителот ќе се казни и за обид во границите на казната за прекршок пропишан во овој закон.

Член 76-а

Комисијата од членот 73 став 3 на овој закон, по спроведената прекршочна постапка, изрекува прекршочни санкции за сторен прекршок утврден во членовите 74, 74-а, 74-б и 75-а на овој закон.

Член 76-б

Ако инспекторот утврди дека е сторен прекршок, пред поднесување на барањето за прекршочна постапка е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување, согласно со Законот за прекршоците.

# ГЛАВА ОСМА

## Преодни и завршни одредби

Член 77

„Државната тајна“ претставува највисок степен на класифицирана информација.

Класифицираните информации означени со вид „службена тајна“, „воена тајна“ и „деловна тајна“ со степените „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“, „ДОВЕРЛИВО“ и „ИНТЕРНО“ со денот на влегувањето во сила на овој закон ги добиваат следниве еквиваленти:

- „службена тајна“, „воена тајна“, „деловна тајна“ од степенот „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ е соодветно на степенот „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“;
- „службена тајна“, „воена тајна“, „деловна тајна“ од степенот
- „ДОВЕРЛИВО“ е соодветно на степенот „ДОВЕРЛИВО“ и
- „службена тајна“, „воена тајна“, „деловна тајна“ од степенот „ИНТЕРНО“ е соодветно на степенот „ИНТЕРНО“.

Класифицираните информации од видот „службена тајна“, „воена тајна“ и „деловна тајна“ со степените „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“, „ДОВЕРЛИВО“ и „ИНТЕРНО“, коишто се создадени до денот на влегувањето во сила на овој закон, ги задржуваат видот и степенот на класификацијата според прописите што биле во сила на денот на нивното создавање.

Ако некоја од класифицираните информации од ставовите 2 и 3 на овој член биде предмет на меѓународна размена, информацијата се класифицира според одредбите на овој закон.

Член 78

Прописите коишто регулираат прашања од областа на класифицираните информации ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 79

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 80

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, Националниот безбедносен авторитет на Република Македонија во НАТО контекст, основан со Одлуката за основање на Националниот безбедносен авторитет на Република Македонија во НАТО контекст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/02) продолжува да работи како Дирекција за безбедност на класифицирани информации.

Директорот на Националниот безбедносен авторитет на Република Македонија во НАТО контекст до именување на директорот на Дирекцијата ќе врши должност на директор на Дирекцијата.

Вработените, објектот, опремата, архивата и другите средства од Националниот безбедносен авторитет на Република Македонија во НАТО контекст ги презема Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

Буџетските средства предвидени за 2004 година за Националниот безбедносен авторитет на Република Македонија во НАТО контекст со денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги користи Дирекцијата, согласно со утврдената динамика и намени, по постапки утврдени со постојните законски прописи.

Член 81

Безбедносните сертификати кои до денот на влегувањето во сила на овој закон се во постапка на издавање, ќе се издаваат според постојните прописи.

Издадените безбедносни сертификати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се користат до истекот на нивната важност, но не подолго од две години.

Член 82

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Одлуката за основање на Националниот безбедносен авторитет на Република Македонија во НАТО контекст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/02).

Член 83

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.